## Како може да ја преземете?

Апликацијата е достапна за сите паметни телефони и истата може да ја побарате на Google Play Store, App Store и HUAWEI App Gallery или пак да ја преземете преку следните линкови:

https://cutt.ly/BeSafe-iOs
https://cutt.ly/BeSafe-Android
https://cutt.ly/BeSafe-Huawei

По преземањето на апликацијата, може да одберете македонски, албански или ромски јазик.






Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика

U N
D P

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

Оваа брошура е испечатена во рамките на проектот на Швајцарската агенција за развој и соработка „Зајакнување на општинските совети“ спроведуван од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).



## Што е Биди безбедна?

Биди безбедна е мобилна апликација за вашиот паметен телефон, преку која може да побарате помош доколку сте жртва на насилство и каде можете да најдете информации за сите услуги кои ви се нудат.

## За кого е наменета?

За сите жени, девојки, деца, секоја од нас која можеби и не ни замислувала дека некогаш ќе се најде во ситуација да биде жртва на насилство. За нашите пријателки и пријатели, роднини, за организациите кои се грижат за жртвите.

# Како се користи?

Преку апликацијата можете

- да побарате помош од СОС линијата за помош на жртви,
- да се информирате за организациите кои даваат помош,
- да се запознаете со своите права,
- да се поврзете директно со вебстраните на организациите за бесплатна правна помош, психосоцијална поддршка, поддршка при вработување,
- да дознаете каде има засолништа за жртви,
- да бидете слушната и да дознаете кои се вашите права.





## Црвено копче

Притисни и задржи 1 секунда за да пратиш СМС порака за помош до СОС линијата

## Портокалово копче

Притисни и задржи 1 секунда за да пратиш порака на личност или организација на која што и веруваш, по сопствен избор. За да пратите порака, неопходно е да имате кредит на телефонот, и да го внесете телефонскиот број на лицето или организацијата на која им верувате.



## Моја поддршка

Портокаловото копче праќа СМС порака на одбраното лице или организација. Кога ќе притиснете на горниот десен агол се отвора именикот на телефонски броеви, од каде може да одберете кој број да го означите како број од доверба. Може да се одберат најмалку 1 број, а најмногу 5. Со притискање на одбраниот број можете да се јавите на истиот или да го отстраните од листата.



## Важни контакти

Овој екран ги содржи најважните контакти на институции и организации на кои може да се обратите. Со притиснување на бројот, апликацијата автоматски ќе упати повик. Сите овие броеви, со исклучок на полицијата можат да бидат внесени во полето Моја поддршка и на нив ќе им биде пратена СМС порака.



## Моите права

Овде се наведени некои од основните права со кои треба да бидете запознаени.



## Совети

Овде се наоѓаат совети кои на секое лице може да и помогнат да се заштити од насилство и да ги заштити и своите деца доколку ги има.



## Видови насилство

Тука можете да дознаете какви видови насилство има бидејќи за да го спречите треба да знаете да го препознаете.

## Лични сведоштва

Содржи кратки лични изјави на жртви на насилство.